| **Седмица:** 6<br>**Датум:** | **Час:** 2 | **Тема** 2: **Работа со текст**<br>**Наставна единица: Работа со документи** | **Одделение:**<br>IV |
|---|---|---|---|

| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности: Опис | Активности: Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 мин. | Да знае да работи со документи во програма за обработка на текст | **<u>Сите можат:</u>**<br>да ја одредат програмата за работа со текст | Како се вика оперативниот систем кој е инсталиран на вашите компјутери? Како се вика програмата за работа со документи во Ubuntu? Каде се наоѓа програмата Writer? Најава на целта на часот: На овој час ќе научиме како да креираме текстуален документ, истиот да го сочуваме и како сочуваниот документ можеме да го отвориме. | З<br>метод на разговор | Детски компјутери<br><br>Програма за обработка на текст<br><br>LCD проектор<br><br>Учебник | Дискусија<br>Прашања<br>Одговори |
| 30 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да отворат нов или веќе креиран документ | • Активност за **отворање нов документ**.<br>- Учениците се поделени во парови, ги вклучуваат лаптоп компјутерите и ги следат упатствата од наставникот за отворање нов документ:<br>Влегуваат во Апликации > Канцелариски > со двоен лев клик на OpenOffice Writer и програмот е веќе спремен за внесување текст. Го внесуваат своето име и презиме. Внесениот текст треба да се зачува и се клика на Датотека > **Зачувај како**, треба да се внесе име и локација на датотеката, а потоа се клика на **Зачувај**. На тој начин учениците креираат датотека со име: ime.odt<br>- <u>Друг начин</u> на отворање нов документ:<br>Десен клик на работната околина и на менито што ќе се отвори се одбира програмата за работа со текст > со лев клик Ново. Документот се зачувува на ист начин како претходно објаснетата постапка.<br>• Активност за **отворање веќе зачуван документ** може да се направи на два начини.<br>- <u>Прв начин</u>: ја отвараат програмата OpenOffice Writer > Датотека > Отвори и се одбира името и локацијата на датотеката.<br>- <u>Втор начин</u>: врз иконата на документот кликаат двоен клик. Учениците ја повторуваат оваа активност. | метод на демонстрација<br><br>П<br>метод на работа со компјутер<br><br>метод на демонстрација<br><br>П<br>метод на работа со компјутер | | Набљудување<br><br>Креирана датотека |
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да ја користат наредбата „сними како...“ за правење копија со ново име | - Ако имаме веќе зачуван документ и сакаме да го снимиме истиот документ под друго име кликаме Датотека > Сними како... Потоа треба да се одбере локација и да се внесе име на датотеката. | И<br>метод на работа со компјутер | | Набљудување<br>Креиран нов документ |

| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| Воведен дел: Дискусија како се пристапува до програмата за работа со текст<br>Главен дел: Активности за отворање нов документ и веќе зачуван документ; работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: Активности за зачувување документ | Да креираат текстуален документ и да го сочуваат. | Креирање, зачувување, отворање. |

obrazovanie.literatura.mk